**20251613555**

## АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Врз основа на член 16, став (1) алинеја 6 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24, бр.37/25, 86/25 и 101/25) и во согласност со член 15, став 1, алинеја 6 од Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот бр. 02-4368/2 од 2.12.2024 година, Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на 10-та по ред седница за 2025 година одржана на ден 9.7.2025 година го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Член 1

Со овој Правилник се изменува и дополнува Правилникот за постапување со одземен имот Бр.713/1 од 7 февруари 2025 година, објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.50/25) и тоа во членот 4 по став (2) се додава нов став (3) кој гласи: „Привремено одземените предмети при преземањето се фотографираат од страна на извршителите и нивните фотографии се приложуваат во досието за одземени предмети“.

Ставот (3), станува став (4).

Член 2

Членот 41 се менува и гласи:

„Привремено одземениот имот или привремено одземените предмети не може да бидат предмет на продажба или отстапување, освен во случаите кога:

- управувањето со таквиот имот или предмети е сврзано со поголеми трошоци или трошоците за одржување ја надминуваат вредноста на имотот или предметите или
- привремено одземените предмети се предмети надвор од промет.

Во случајот од ставот 1 алинеја 1 на овој член во рок од 10 дена од приемот на известувањето за привремено одземениот имот или привремено одземените предмети во кривична или прекршочна постапка, Агенцијата се обраќа до сопственикот на имотот, односно на предметите заради добивање согласност за продажба или отстапување. Доколку сопственикот не даде согласност или не се произнесе во рокот од ставот 4 на овој член, Агенцијата во рок од 10 дена се обраќа за согласност до органот кој ја донел одлуката за привремено одземање во кривична или прекршочна постапка. Во случај кога одлуката ја донел судот, судот ја дава согласноста врз основа на претходно позитивно мислење од надлежен јавен обвинител. По добиената согласност, Агенцијата ќе донесе одлука за продажба или отстапување на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети.

Во случајот од ставот 1 алинеја 2 на овој член, во рок од 10 дена од денот на приемот на известувањето за привремено одземените предмети, Агенцијата се обраќа за добивање согласност за отстапување до органот кој ја донел одлуката за привремено одземање на предметите во кривична или прекршочна постапка. Во случај кога одлуката ја донел судот, судот ја дава согласноста врз основа на претходно добиено позитивно мислење од надлежен јавен обвинител.

Согласноста за продажба, односно отстапување на привремено одземениот имот или привремено одземените предмети во кривична и прекршочна постапка, судот, органот, односно сопственикот на имотот односно предметите, ја дава во рок од 15 дена од приемот на барањето од Агенцијата.

Агенцијата врз основа на добиената согласност од ставот 4 на овој член:

- ќе донесе одлука за продажба на привремено одземениот имот, односно привремено одземените предмети или

- согласно со одлука на Владата на Република Северна Македонија, привремено одземените предмети ќе ги отстапи на државен орган. Привремено одземените предмети кои се надвор од промет може да се отстапат само на државните органи од обласа на безбедноста и одбраната, органите надлежни за гонење и правосудната полиција.

Одлуката за продажба, односно одлуката за отстапување од ставот 5 на овој член, Агенцијата ја донесува во рок од 15 дена од денот на добиената согласност.

За привремено одземениот имот, односно привремено одземените предмети заради причините од ставот 1 алинеја 1 на овој член, Агенцијата во рок од 10 дена од добиената согласност, обезбедува процена на вредноста на привремено одземениот имот и привремено одземените предмети од страна на овластен проценител или од Бирото за процена“.

Член 3

По член 41 се додава нов член 41-а, кој гласи:

„Доколку биде донесена правосилна одлука за враќање на предметот кој е отстапен согласно со член 41 став (5) алиенја 2, од овој правилник, државниот орган на кој му е отстапен предметот на сопственикот му ги исплаќа средствата согласно член 41 став (7) од овој правилник, намалена за 7 % од направената процена на вредноста на предметот, кој на сопственикот му ги испаќа Агенцијата кога заради причините од членот 41, став 1, алинеја 1 од овој правилник предметот е отстапен согласно со членот 41 став (5) алинеја 2 од овој правилник, државниот орган на кој му е отстапен овој предмет е должен на Агецијата да ѝ уплати 7 % од направената процена, согласно со членот 41 став (7) од овој правилник“.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По влегување во сила овој правилник ќе биде објавен и на веб-страницата на Агенцијата.

Бр. 01-3009/1
9 јули 2025 година
Скопје

Агенција за управување
со одземен имот
Управен одбор
Претседател,
**Станко Китаноски,** с.р.